УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

04

1992-2007

Скопје, јуни 2013

**ДО НАСТАВНО НАУЧНИОТ СОВЕТ**
**ПРИ БОГОСЛОВСКИОТ ФАКУЛТЕТ**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" –**
**СКОПЈЕ**

Наставно научниот совет при Православниот богословски факултет „Св.Климент Охридски", на својата редовна седница одржана на 22 декември 2005 година, записник 08/05, пристапи кон разгледување на документацијата и материјалите доставени од професорите кои аплицираат по повод објавените конкурси за преизбор.

По опстојна дискусија Советот донесе одлука да формира комисии кои треба да извршат увид во школската подготовка, доставената документација и научните трудови на кандидатите, потоа да се изјаснат, достават писмени рецензии и предложат во кое звање истите треба да бидат избрани.

Долупотпишаните бевме задолжени да се произнесеме за кандидатот – протоѓакон д-р Ратомир Грозданоски, вонреден професор при нашиот факултет, за предметите Свето Писмо на Новиот Завет и старогрчки јазик. Комисијата пристапи кон опстојна анализа на доставените документи и научните трудови на кандидатот и ја донесе следнава:

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

Кандидатот протоѓакон д-р Ратомир Грозданоски завршил Македонска православна богословија во с.Драчево, а потоа го завршил и Православениот Богословски факултет „Св.Климент Охридки" во Скопје. Веќе, во 1994 година магистрирал а во 2001 година докторирал на Филолошкиот факултет во Скопје, од областа на Св.Писмо на Новиот Завет.

Кандидатот д-р Ратомир Грозданоски, уште пред, како и по докторирањето има сериозен пристап кон научно-истажувачката работа. Автор е на повеќе трудови посебно од обласа на Св.Писмо на Новиот Завет, како и од историјата на МПЦ. Посебно се истакнуваат трудовите: Свети Климент Охридски, основоположник на Македонската Православна Црква, Скопје 1990; Евангелие според Матеј – прилог кон проучувањето и толкувањето на евангелскиот текст, Скопје 1993; Господовата молитва, Скопје (девет изданија од 1994 – 2002); Михаил Архиепископ Охридски и Македонски, Скопје 1994; Десетте Божји заповеди – Декалог, Скопје (три изданија); Стефан Архиепископ Охридски и Македонски, Скопје 2000; Библијата во делата на Св.Климент Охридски, Скопје 2001; Евангелие според Марко – проучување и толкување на евангелскиот текст, Скопје 2004; Десетте Божји заповеди – Декалог (во превод на албански јазик), Скопје 2005; Послание на светиот апостол Павле до Римјаните – проучување и толкување на текстот, Скопје 2005.

Меѓутоа, наброеното е само дел од богатиот издавачки репертоар на д-р Ратомир Грозданоски. Тука се бројни статии, расправи и извештаи, објавувани во разни списанија, гласила и фељтони. Автор е и на бројни прикази и критики. Од приложените материјали се гледа дека има извесен второстепен пристап и кон поезијата. Учествува во повеќе научно-истражувачки проекти, а автор е и на бројни рецензии и написи. Грозданоски се бави и со преведувачка дејност, лекторирање на трудови и др. Член е на уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Православниот Богословски факултет. Учествувал на бројни научни симпозиуми со свои реферати. Во промотивниот живот на МПЦ целосно е познат, посебно со неговите настапи во јавните гласила, радиото и телевизијата.

Кандидатот д-р Ратомир Грозданоски е и меѓу првите активисти во врвовите на МПЦ. Имено, тој е еден од најблиските соработници на претходните архиепископи, па и на Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Стефан. Од 1994 година па до денес тој е и секретар на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ.

Врз база на изложеното, на Наставно-научниот совет при Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски" му предлагаме, - досегашниот вонреден професор д-р Ратомир Грозданоски, да го унапреди и избере во звањето редовен професор на нашиот факултет за предметите Свето Писмо на Новиот Завет и старогрчки јазик.

д-р Јован Белчовски, претседател

д-р Јован Таковски

д-р Ѓорѓи Поп Атанасов